Врз основа на член 64 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04), министерот за култура донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

## I – ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за вршење на археолошките истражувања, како и обрасците, видот, содржината и начинот на водење на документацијата за истражувањата.

### Член 2

Одредени изрази во смисла на овој правилник го имаат следното значење:

1. „Археолошко истражување" е теренско истражување што се изведува на определено место на копно или под вода, со потврдена археолошка содржина односно чија цел е пронаоѓање, откривање, прибирање, идентификување, спасување, зачувување, презентирање, популаризирање и користење на елементи на археолошко наследство;
2. „Елементи на археолошко наследство" се недвижни и движни добра или нивни остатоци и какви било други траги на човековото постоење и дејствување во изминатите епохи, чие ископување или откривање на друг начин е главен извор на информации и чија заштита и проучување помагаат да се расветли историјата на човештвото и неговата врска со природната околина, особено: структури, конструкции, групи на објекти, развиени локалитети, движни предмети и остатоци од друг вид, како и нивниот контекст, без оглед дали се на копно или под вода;
3. „Археолошко наоѓалиште" е дел од земјиште или површина под вода што содржи какви било елементи на археолошко наследство;
4. „Археолошки наод" е секој елемент на археолошко наследство што е продукт на археолошко ископување, рекогносцирање или друг вид археолошко истражување, без оглед дали претставува површински или подводен наод, ископина или наод откриен на друг начин;
5. „Археолошки структури" се група на взаемно поврзани содржини што сведочат за антрополошкиот, економскиот и социо-културниот развој на одредена средина, односно остатоци од градителска, уметничка и утилитарна дејност и траги за развојот на човекот и природата, како и за односот на човекот во обликувањето и користењето на природата;
6. „Претходни работи" се подготвителните работи што се поврзани со исполнувањето на условите за добивање на дозвола за археолошки истражувања, особено: вршењето на претходен увид во состојбата, документирањето на постојната состојба, изработката на основниот план за истражувањето, склучувањето на договорите во случаите утврдени со закон, обезбедувањето на другите докази со кои се потврдува исполнувањето на пропишаните услови и други слични дејствија;
7. „Реализација на истражувањето" е изведување на истражувачките работи, документирање на истражувањето и преземање мерки за заштита на археолошкото наоѓалиште и наодите.

### Член 3

Секое археолошко истражување, без оглед на неговиот вид, како заокружен процес ги опфаќа следните последователни фази на работа:

1. Претходни работи;
2. Реализација на истражувањето;

3. Обработка и анализа на откриените материјали, податоци и сознанија;
4. Интерпретација на резултатите;
5. Публикување на истражувањето.

Член 4

Археолошките истражувања, според методологијата на истражувањето, се вршат како:
1. Рекогносцирање;
2. Сондажно археолошко истражување;
3. Систематско археолошко истражување.

Како посебни видови археолошки истражувања, со оглед на причините, целта, условите, ограничувањата и другите особености на истражувањето, можат да се вршат и следните облици на истражување:
1. Подводно археолошко истражување;
2. Заштитно археолошко истражување;
3. Ревизионо археолошко истражување.

## II – УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 5

Археолошки истражувања можат да се вршат доколку:
1. Постои Основен план за археолошките истражувања, подготвен во смисла на член 6 и 7 на овој правилник;
2. Се обезбедат финансиски средства за реализација на истражувањата и неопходните докази за тоа во смисла на член 8 на овој правилник;
3. Се обезбедени технички средства за реализација на истражувањето и неопходните докази за тоа во смисла на член 9 на овој правилник;
4. Постои соодветен стручен кадар и се обезбедени неопходните докази за тоа во смисла на член 10 на овој правилник;
5. Се исполнети другите посебни услови за одделни видови истражувања, пропишани со овој правилник.

Член 6

Археолошките истражувања се вршат според Основниот план за археолошки истражувања на определено археолошко наоѓалиште, односно простор што треба да се истражува.

Планот од став 1 на овој член може да се однесува само на едно археолошко наоѓалиште, освен во случаите кога се работи за рекогносцирање на определен простор и заштитни археолошки истражувања по должина на траси што опфаќаат повеќе наоѓалишта.

Планот од став 1 на овој член содржи:
1. Податоци за археолошкото наоѓалиште, односно просторот што ќе се истражува;
2. Цел на археолошкото истражување;
3. Очекувани резултати;
4. Вид, обем, правец и методологија на истражувањето;
5. Време во кое ќе се извршува истражувањето;
6. Мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите;
7. Организација на истражувањето;
8. Буџет на проектот;
9. Техничка документација;
10. Фото-документација.

Ако планот не ги содржи елементите од став 3 на овој член или тие не се подготвени во смисла на член 7 на овој правилник, се смета дека не е исполнет условот од член 5 став 1 точка 1 на овој правилник.

Член 7

Податоци за археолошкото наоѓалиште, односно просторот што ќе се истражува во смисла на член 6 став 3 точка 1 на овој правилник се:

1. За незаштитено археолошко наоѓалиште:

- назив, локација, координати, надморска висина, пристапи и слични податоци за општа идентификација на наоѓалиштето;
- краток опис на содржините, хронолошка и друга припадност, главни карактеристики во поглед на значењето, вредностите, функцијата и слични податоци за стручна, односно научна идентификација на наоѓалиштето, освен во случаите кога се работи за првични истражувања;
- катастарска општина (КО), катастарска/и парцела/и (КП), површина, класа и намена на земјиштето на кое се наоѓа археолошкото наоѓалиште;
- вид сопственост и сопственик/ци, односно носител на правото на користење на земјиште во државна сопственост или сопственост на локалната самоуправа (назив, односно име, адреса);
- претходни истражувања и проучувања на наоѓалиштето (податоци за тоа кој, кога, што и колку истражувал, какви се резултатите од тие истражувања, каде се сместени движните археолошки наоди и документацијата за истражувањата, библиографија и слични податоци).

2. За заштитено археолошко наоѓалиште:

- податоците од точка 1 на овој став;
- матичен број на наоѓалиштето, класификација, категоризација, акт за заштита (вид, назив, број и датум), граници на доброто и на неговите контактни зони, нумерички податоци за заштитеното подрачје и податоци за имателите;
- надлежна јавна установа за заштита на наоѓалиштето (надлежен конзерваторски центар) и за заштита на археолошките предмети (надлежен музеј).

3. За просторот што ќе се рекогносцира:

- назив, локација, координати, површина (во $км^2$) и други слични податоци;
- постојни археолошки наоѓалишта во рамките на просторот што ќе се истражува;
- податоци за претходни рекогносцирања, односно истражувања на истиот простор.

Целта на истражувањето во смисла на член 6 став 3 точка 2 на овој правилник се определува и се наведува според видот на археолошките истражувања и во смисла на член 11, 12, 13, 14, 15 и 16 на овој правилник.

Очекуваните резултати во смисла на член 6 став 3 точка 3 на овој правилник се определуваат и се наведуваат според првичната проценка на археолошкиот потенцијал и карактерот на наоѓалиштето, односно просторот што се истражува.

Видот, обемот, правецот и методологијата на истражувањето во смисла на член 6 став 3 точка 4 на овој правилник се определуваат и се наведуваат:

1. Видот, според член 4 на овој правилник;
2. Обемот, според целта и условите за реализација на истражувањето, изразен преку опис и квантификација на работите што ќе се извршуваат;
3. Правецот, според целта и очекуваните резултати, изразен описно или со азимут на основниот правец;
4. Методологијата, според видот на истражувањето и карактерот на наоѓалиштето, со детален опис на начинот на работа.

Времето во кое ќе се извршува истражувањето во смисла на член 6 став 3 точка 5 на овој правилник се наведува описно или табеларно, како динамички план, со податоци за вкупното времетраење на истражувањето (во календарски и работни денови), датумите на планираното отпочнување и завршување на работите, како и траењето и датумите за секоја одделна фаза на работа.

Мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите во смисла на член 6 став 3 точка 6 на овој правилник се:

1. Мерки за физичко и техничко обезбедување на археолошкото наоѓалиште и наодите;

2. Мерки за непосредна заштита на археолошкото наоѓалиште и наодите (превентива, конзервација, анастилоза и слично).

Организацијата на истражувањето во смисла на член 6 став 3 точка 7 на овој правилник ги опфаќа следните податоци:

1. За носителот на истражувањето:

- ако е правно лице: назив, седиште, основна дејност (шифра и назив), регистрација (регистарски орган, број и датум на актот за регистрација), организациона единица и работни места во рамките на кои е организирано и систематизирано вршењето на работите од областа на археологијата и археолошкото наследство, одговорно лице во правното лице (лично име и функција), лице за контакт (лично име и статус) и други основни податоци според оценка на носителот на истражувањето;

- ако е физичко лице: лично име, државјанство, живеалиште или престојувалиште (точна адреса), единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), односно број на пасош (за странци), референтни истражувања и други податоци според оцена на носителот на истражувањето.

2. За партнерот – учесник во истражувањето: податоци во смисла на точка 1 на овој став, доколку истражувањата се вршат врз основа на договор за соработка;

3. За раководењето со истражувањето: начин на раководење, раководител на истражувањето и негов заменик и нивни главни задолженија;

4. За работните групи, односно оперативните тимови (број, состав, задолженија), односно за одговорните носители на работите по специјалности и нивни задолженија, доколку реализацијата не подразбира повеќе од еден тим;

5. Податоци за организацијата на сместувањето, исхраната и заштитата на работа на учесниците во истражувањето, работниот простор и просторот за чување на движните наоди.

Буџетот на проектот во смисла на член 6 став 3 точка 8 на овој правилник ги опфаќа следните податоци:

1. Обезбедени финансиски средства (износ, извори и начин на обезбедување);

2. Финансиски план за истражувањето (намена и висина на средствата, по видови и места на трошоци и динамика на реализацијата на средствата).

Техничка документација во смисла на член 6 став 3 точка 9 на овој правилник е:

1. Топографска карта (копирана секција за наоѓалиштето, односно просторот) во размер 1:50000 (за рекогносцирање), односно 1:25000 (за другите видови истражување);

2. Извод од катастарскиот план или фотограметриски снимен простор во размер 1:2500;

3. Ситуации на теренот со изохипси во размер 1:200 или друг соодветен размер во зависност од наоѓалиштето, на кои се назначени:

- површините што бил претходно истражувани;

- површините што ќе се истражуваат, односно површините што се загрозени (за заштитните археолошки истражувања);

- површини што се оставаат за дополнителни, ревизиони истражувања (за систематските археолошки истражувања).

Фото-документацијата во смисла на член 6 став 3 точка 10 на овој правилник подразбира избор на карактеристични снимки за претходната состојба, односно за претходните истражувања и за постојната состојба.

Член 8

Обезбедени финансиски средства за реализација на истражувањата во смисла на член 5 став 1 точка 2 на овој правилник се сметаат паричните средства:

1. Дозначени на сметката на носителот на истражувањето;
2. Одобрени со програма за финансирање на дејноста на носителот на истражувањето;
3. Одобрени за научен проект или проект од национален интерес од областа на културата;
4. Утврдени со меѓународен договор, договор за спонзорство односно донација или друг соодветен договор, различен од договорите склучени врз основа на програмите од точка 2 и 3 на овој став.

Финансиските средства обезбедени во смисла на став 1 на овој член треба да овозможуваат покривање на трошоците за следните намени:

1. Изведување на археолошкото истражување;
2. Изработка на техничка, фото и друга документација во врска со археолошките истражувања;
3. Вршење на неопходните физичко-хемиски, антрополошки, палеонтолошки и други анализи, кога тоа е потребно за утврдување на карактерот, временската и културната припадност на наоѓалиштето; и
4. Преземање на неопходните мерки за заштита на археолошкото наоѓалиште и наодите во текот на археолошкото истражување.
5. Обезбедување на технички средства за реализација на истражувањето.

Висината на средствата за намените од став 2 на овој член и нивниот сооднос се определува со финансискиот план во смисла на член 7 став 8 точка 2 на овој правилник.

Обезбеденоста на средствата во смисла на став 1 на овој член се докажува со:

1. Извод од сметката на носителот на истражувањето, ако средствата се дозначени;
2. Потврда или договор за финансирање на програма или проект во смисла на став 1 точка 2 и 3 на овој член;
3. Договори во смисла на став 1 точка 4 на овој член.

Член 9

Технички средства за реализација на истражувањата во смисла на член 5 став 1 точка 3 на овој правилник се:

1. Геодетски инструмент;
2. Мерна лента, бусола и геодетски значки;
3. Метал-детектор или друга опрема за детекција на археолошки структури;
4. Компјутерска опрема (лап-топ компјутер);
5. Фото-апарат со соодветен прибор;
6. Ситен алат;
7. Соодветна амбалажа за пакување на движните наоди;

По исклучок од став 1 на овој член, за подводно археолошко истражување е потребна следнава опрема:

1. Опрема за нуркање и алатки за изведување на подводно археолошко истражување;
2. Опрема за подводно снимање (фото-апарат, камера, осветлување);
3. Прибор за обележување, цртање и пишување под вода;

Видот на опремата и инструментите за нуркање треба да бидат во согласност со посебните прописи за вршење подводни истражувања.

Техничките средства за вршење на археолошките истражувања се наведуваат во посебна спецификација (по вид, назив, количини и технички карактеристики на опремата), со која се потврдува исполнувањето на условот во смисла на член 5 став 1 точка 3 на овој правилник.

Доказ за овластена употреба на метал-детектори и друга опрема за детекција е одобрението за употреба на таква опрема.

Член 10

Се смета дека постои соодветен стручен кадар за вршење на археолошки истражувања во смисла на член 5 став 1 точка 4 на овој правилник доколку истражувачкиот тим е составен од:

1. Овластен истражувач, во својство на раководител на истражувањето;

2. Најмалку 4 стручни соработници во систематски археолошки истражувања или најмалку 2 стручни соработници во останатите видови археолошки истражувања.

Составот на истражувачкиот тим во смисла на став 1 точка 2 на овој член го определува носителот на истражувањето по предлог на раководителот на истражувањето, во зависност од видот и обемот на истражувањето, како и според карактерот на наоѓалиштето и потребите.

Учесниците во истражувачкиот тим се определуваат од редот на дипломираните археолози, односно дипломираните историчари на уметноста со археологија и припадниците на други струки, особено: архитект, антрополог, геолог, геодет, палеонтолог, палеобиолог, дендролог, фотограф, архитектонски техничар, ликовен техничар и други професии. Во истражувачкиот тим можат да бидат вклучени волонтери, студенти, ученици и други учесници.

Раководител на сонда, кога работите не ги врши овластениот истражувач непосредно, може да биде единствено дипломиран археолог, односно дипломиран историчар на уметноста со археологија и теренско искуство во струката најмалку 3 години.

Работата на повеќеслојни локалитети ја раководи специјалист за доминантниот слој на истражување, во координација со стручните соработници - специјалисти за односните периоди одделно.

Кај подводните археолошки истражувања, покрај истражувачкиот тим, носителот на истражувањето треба да има обезбедено и посебен нуркачки тим, чии членови ќе имаат соодветна квалификација за тоа.

Како заменик на раководителот на истражувањето може да биде определен само овластен истражувач.

Статусот на овластен истражувач се докажува со уверение, одлука за избор во научно или изборно стручно звање од областа на споменичката или музејската дејност или со лиценца за овластен истражувач.

За членовите на истражувачкиот тим како доказ се сметаат биографските податоци дадени во форма на curriculum vitae (CV).

Член 11

Рекогносцирање може да се планира и да се врши на определен простор што претставува географска, административна или друга соодветна целина (регион, област, подрачје на општина, зона, месност и слично), со цел:

1. Откривање на нови археолошки наоѓалишта, односно потврдување на сознанијата за постоење или непостоење на такви наоѓалишта на определен простор;

2. Прецизна просторна идентификација на археолошките наоѓалишта;

3. Изготвување на точен и целосен опис на видливите делови од градбите и нивната поврзаност со антропогените промени во блиската околина;

4. Собирање на површински наоди за натамошно проучување, обработка и заштита;

При рекогносцирање може да се планира и да се врши единствено собирање на движни, слободно стоечки предмети или нивни фрагменти на површината на земјата, без никакво ископување, извлекување или демонтирање.

Член 12

Сондажно археолошко истражување може да се планира и да се врши заради добивање податоци за карактерот, содржината и распростирањето на археолошкото наоѓалиште, односно со цел:

1. Откривање на археолошки структури, комплекси и слично;
2. Добивање податоци за стратиграфијата и карактерот на наоѓалиштето, како и за самите наоди;
3. Определување на границите на археолошкото наоѓалиште и неговите контактни зони.

Член 13

Систематско археолошко истражување може да се планира и да се врши на претходно рекогносцирано или сондажно истражено археолошко наоѓалиште, со цел за негово долгорочно и етапно, систематско, што е можно поцелосно откривање и продлабочено истражување и проучување.

Систематско археолошко истражување може да се врши доколку се исполнети и следните посебни услови:

1. Планираните површини за истражување да бидат претходно геодетски снимени и картирани, како и покриени со поставена квадратна мрежа, поврзана со репери од сондажните истражувања;
2. Оставање на утврдени, неистражени ареали, како можност за ревизија и верификација на добиените сознанија во услови на поразвиена техника и методологија на истражувањето;

Член 14

Подводно археолошко истражување може да се планира и да се врши на езерско или речно дно, со или без ископување, со цел откривање на археолошки наоѓалишта и прибирање податоци и материјали за натамошни проучувања и заштита на подводното археолошко наследство.

Член 15

Заштитно археолошко истражување може да се планира и да се врши на загрозено археолошко наоѓалиште или простор што треба да добие друга намена или целосно да го измени својот изглед, како и при изработка на конзерваторски проекти или изведување на конзерваторско-реставраторски работи и преземање на други мерки на заштита, заради:

1. Спасување и документирање на елементите на археолошкото наследство од наоѓалиште што треба да биде напуштено, особено поради изградба на брани, акумулации, патишта, пруги и други слични објекти;
2. Откривање на делови од урната или оштетена градба, нејзините постари фази или други културни слоеви во внатрешноста или во непосредната околина на габаритот на објектот;
3. Идентификација на елементи на археолошкото наследство на локација предвидена за градење или на која се изведуваат друг вид работи;
4. Зачувување на елементи на археолошкото наследство на самото загрозено подрачје односно наоѓалиште или објект.

5. Превенција од натамошни оштетувања или уништувања на наоѓалиштето или негови делови.

Заштитно археолошко истражување може да се планира и да се врши доколку истото е наложено како мерка на заштита, со акт на надлежен орган, освен во случаите кога се презема спогодбено или како редовна програмска активност.

Член 16

Ревизионо археолошко истражување може да се планира и да се врши за познати археолошки наоѓалишта, што веќе биле предмет на истражување, за чии резултати постои основана претпоставка дека се нецелосни, непрецизни или неточни.

Ревизионо археолошко истражување се врши со цел:

1. Проверка, уточнување и усогласување на постојните податоци за наоѓалиштето, односно просторот и комплетирање на официјалната евиденција, археолошките карти или подлоги, археолошкиот катастар и тековната документација;

2. Определување на зони на заштита;

3. Проверка на нивото на претходната истраженост и на обемот на истражувањата во поглед на стратиграфската исцрпеност и големината на истражениот дел во рамките на границите на наоѓалиштето.

## III – ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Член 17

За археолошките истражувања се водат дескриптивна, техничка, фото и видео документација.

Документацијата од став 1 на овој член е теренска и финална.

Член 18

Дескриптивната документација се состои од:

1. Теренски дневник;

2. Стратиграфски опис;

3. Теренски инвентар на движни археолошки наоди;

4. Основен лист и дополнителни листови од член 22 на овој правилник.

Член 19

Теренскиот дневник содржи синтетизирани информации за:

1. Текот и последователноста на истражувачкиот процес;

2. Стратиграфијата на културните слоеви;

3. Околностите и условите под кои се врши откривањето и демонтирањето на секоја археолошка структура одделно, како и врската со соседните структури;

4. Врската и соодносот меѓу останатите видови документација за археолошкото истражување;

5. Организационо – техничката страна на истражувањето.

Информациите од став 1 на овој член во самиот дневник се пропратени со скици и цртежи со слободна рака, како и со карактеристични фотографии.

Дневникот го води раководителот на истражувањето и тоа за секој одделен процес на работа и последователно за секој работен ден.

Во случај кога истражувањето се одвива истовремено во различни сектори, делови или сонди, за секоја од тие истражувачки единици се води посебен дневник, од страна на нејзиниот раководител.

Во случаите од став 4 на овој член раководителот на истражувањето води координативен теренски дневник.

Основниот примерок на теренскиот дневник се води во форма на бележник со тврди корици, а записите во него мора да бидат јасни, уредни и разбирливи.

Член 20

Стратиграфскиот опис се води при истражување на повеќеслојни археолошки наоѓалишта.

Стратиграфскиот опис содржи:

1. Редослед на слоевите односно пресек на културните слоеви за утврдување на археолошките структури и нивните оштетувања, според податоци што различно се дефинираат колористички;
2. Граници на литостратиграфските единици и на културните слоеви, по потреба;
3. Седиментолошки и педолошки карактеристики, по потреба;
4. Карактер на геолошката подлога и геоморфолошки особености на теренот, по потреба;
5. Првична интерпретација на седиментациската динамика, синхронизацијата и периодизацијата на слоевите.

Стратиграфскиот опис се води во форма на стратиграфски лист, со формат А-4, на кој се назначени податоците за носителот на дозволата и археолошкото наоѓалиште што се истражува.

Финалната верзија на стратиграфскиот опис е во електронска форма.

Член 21

Теренскиот инвентар на движни археолошки наоди содржи:

1. Реден број на наодот;
2. Датум на откривање;
3. Место на откривање (сектор, сонда, квадрат, број на гроб и сл.);
4. Длабочина, односно ниво (во однос на други реперни елементи и/или во однос на површината на теренот);
5. Означување на слојот според Стратиграфскиот опис;
6. Вид на наодот со краток опис;
7. Други податоци и забелешки.

Теренскиот инвентар од став 1 на овој член може да се води и посебно за:

1. Одделни сектори, нивни делови или одделни сонди;
2. Одделни групи наоди доколку тие се во поголем број (група наоди од керамика, метал, камен, стакло и слично).

Финалната верзија на теренскиот инвентар е во електронска форма.

Член 22

Основен лист за археолошките истражувања се води според Образец А, кој содржи податоци за:

- археолошкото наоѓалиште: назив; општина; место; единствен матичен број; катастарски податоци; географски координати; статус на заштита (евидентирано добро, заштитено добро); културна припадност и попрецизна датација;
- археолошките истражувања: вид; носител; година; овластен истражувач; стручни соработници и дозвола (број и датум);
- мерките на заштита: вид на заштита; година; јавна установа за заштита; овластен конзерватор; стручни соработници; заштитни мерки; сместување на движни наоди и документација (надлежна установа) и обработил;

Дополнителен лист за значајни движни наоди се води според Образец Б, кој ги содржи следните податоци: лист број; датум; наоѓалиште; сектор, квадрат, сонда, слој; теренски инвентарен број; дневник број; длабочина; координати; материјал; димензии; датирање; зачуваност (целосно, фрагментарно); начин на изработка; опис, скица, фото; декорација, печат; знак; натпис; истражувач и обработил;

Дополнителен лист за нумизматички наоди се води според Образец В, кој ги содржи следните податоци: лист број; датум; наоѓалиште; квадрат, сонда, слој; датација; ковница; теренски инвентарен број; дневник број; метал; место на наоѓање; длабочина; калк; фото, опис, димензии; состојба и предлог за конзервација; истражувач и обработил;

Дополнителен лист за гробови и гробни целини се води според Образец Г, кој ги содржи следните податоци: лист број; гроб број; датум; наоѓалиште; сектор, квадрат, слој; тип; ориентација; димензии; длабочина; опис; остеолошки остатоци; гробни наоди (предмет, инвентарен број, скица со положба на предметот, наоди надвор од гробот, датирање, истражувач и обработил);

Дополнителен лист за преземени мерки на заштита се води според Образец Д кој ги содржи следните податоци: датум; наоѓалиште; овластен истражувач; опис на преземените мерки на заштита на недвижното добро и на движното добро, предлог за заштита и конзервација, забелешка и обработил.

Обрасците од ставовите еден до пет на овој член се со формат А-4, дадени се во прилог на овој правилник и се негов составен дел.

Финалната верзија на пополнетите обрасци од ставовите еден до пет на овој член е во електронска форма.

Член 23

Техничката документација се состои од следните документациски единици:

1. Планови и цртежи на видливите остатоци од градби над површината на земјата;

2. Топографски скици, изводи од катастарски планови и делови од топографски и географски карти;

3. Ситуација на археолошкото наоѓалиште;

4. Детален план на археолошкото наоѓалиште;

5. Слики, планови, цртежи и пресеци на кои редоследно се прикажани сите фази на ископувањето и демонтирањето;

6. Скици на стратиграфските слоеви според стратиграфскиот опис;

7. Нивелмански дневник.

При изработката на документацијата од став 1 на овој член, по правило:

1. Се користат ажурирани топографски карти во размер 1:25000 и ажурирани геодетски подлоги во размер 1:2500;

2. Ситуациите можат да бидат во размер 1:50, 1:100, или 1:200, а основите, пресеците и цртежите во размер 1:10, 1:20, 1:25 или 1:50 или друга соодветна мерка, во зависност од карактеристиките на самото наоѓалиште и археолошките структури;

3. Деталите на одредени археолошки структури, односно наоди можат да бидат во размер 1:1, 1:2, 1:5 и 1:10;

4. Цртежите се изработуваат со нивелети, коти, опис на вградени материјали, маркирани оштетувања со опис на деформациите и вид појави, фази и патологии, крупна вегетација и слично.

Секоја документациска единица и нејзин елемент во смисла на став 1 на овој член содржи легенда со следните податоци: назив на наоѓалиштето, содржина на листот, број на листот, документатор, датум на изработка, размер, штрафури, бои и слично.

Првичните основи, изгледи и пресеци се изработуваат (се цртаат) рачно, на милиметарска хартија, од каде потоа се прецртуваат на паус.

Финалната техничка документација за археолошките истражувања е во електронска форма.

Член 24

Фото - документацијата за археолошките истражувања содржи:

1. Црно - бели и колор негативи (филмови) и фотографии и/или колор дијапозитиви или дигитални фото записи во боја и контакт-копии;

2. Фото-дневник.

Документациските единици од став 1 точка 1 на овој член, по правило, ја дополнуваат техничката документација и ја дуплираат во друг медиум кога тоа е можно технички.

Фото-дневникот содржи: број на филм и поза, датум на снимање, податоци за снимените содржини и податоци од техничка природа кога тоа е можно.

Финалната документација од став 1 на овој член е во електронска форма.

Член 25

За текот на археолошките истражувања, по потреба, се изработуваат видео-записи (VHS снимки).

Член 26

Извештајот за извршените археолошки истражувања содржи основни податоци за реализацијата на истражувањето, особено:

1. Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања;

2. Податоци за истражувачкиот тим;

3. Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување;

4. Првични резултати и сознанија од истражувањето;

5. Преземени мерки на заштита на наоѓалиштето и наодите;

6. Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи;

7. Место на депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање;

8. Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции во Основниот план за археолошкото истражување или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања;

9. Избор од теренската документација (копија на техничка документација и фотографии, односно фото-снимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализацијата на истражувањето;

10. Финансиски извештај;

11. Заклучни согледувања и предлози.

Извештајот од став 1 на овој член се поднесува во три отпечатени примероци и во електронска форма, во обем и квалитет погодни за објавување.

IV – ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 27

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 30-7031/3
12 декември 2005 година
Скопје

Министер за култура,
**Благој Стефановски,** с.р.

*Образец А*

## Основен лист за археолошки истражувања

| | |
|---|---|
| ***Податоци за археолошкото наоѓалиште*** | |
| Назив на археолошкото наоѓалиште: | |
| Општина: | ЕМБ: |
| Место: | |
| Катастарски податоци: | |
| Географски координати: | |
| ***Статус на заштита*** | |
| Евидентирано добро | Заштитено добро |
| | 1. Добро под привремена заштита;<br>2. Резервирана археолошка зона;<br>3. Културно наследство. |
| Културна припадност: | |
| Попрецизна датација: | |
| ***Податоци за археолошките истражувања*** | |
| Вид на истражување: | Година: |
| Носител на истражувањето: | |
| Овластен истражувач: | |
| Стручни соработници: | |
| Дозвола (број и датум): | |
| ***Податоци за мерките на заштита*** | |
| Вид на заштита: | Година: |
| Јавна установа за заштита: | |
| Овластен конзерватор: | |
| Стручни соработници: | |
| Заштитни мерки: | |
| Сместување на движните наоди и документацијата (надлежена установа): | |
| Обработил: | |

*Образец Б*

| *Лист број* |
|---|
| |

## Дополнителен лист за значајни движни наоди *

<table>
<tr><td>Датум:</td><td colspan="3">Наоѓалиште:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Сектор/Квадрат/Сонда/Слој:</td></tr>
<tr><td>Тер. инв. бр.:</td><td>Дневник бр.:</td><td>Длабочина:</td><td>Координати:</td></tr>
<tr><td>Материјал:</td><td>Димензии:</td><td>Датирање:</td><td>Зачуваност:<br>- целосно:<br>- фрагментирано.:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Начин на изработка:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Опис/Скица/Фото:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Декорација/Печат/Знак/Натпис:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Истражувач:</td><td colspan="2">Обработил:</td></tr>
</table>

*Овој Образец не се однесува на студискиот матерјал

*Образец В*

| Лист број |
|---|
| |

## Дополнителен лист за нумизматички наоди

| | | |
|---|---|---|
| Датум: | Наоѓалиште: | |
| Квадрат/Сонда/Слој: | | |
| Датација: | | Ковница: |
| Тер.инв. бр.: | Дневник бр.: | Метал: |
| Место на наоѓање: | | Длабочина: |
| Калк/фото: | | Опис: |
| Димензии: | | |
| Состојба и предлог за конзервација: | | |
| Истражувач: | | Обработил: |

*Образец Г*

| Лист бр. |
| --- |

**Дополнителен лист за гробови и гробни целини**

| Гроб бр.: | Датум: | Наоѓалиште: |
| --- | --- | --- |

| Сектор/Квадрат/Слој: |
| --- |

| Тип: | Ориентација: | Димензии: | Длабочина: |
| --- | --- | --- | --- |

| Опис: |
| --- |

| Остеолошки остатоци: |
| --- |

***Гробни наоди***

| Предмет: | Инв.бр.: | Предмет | Инв. бр. |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| Скица со положба на предметите: |
| --- |

| Наоди надвор од гробот: |
| --- |

| Датирање: |
| --- |

| Истражувач: | Обработил: |
| --- | --- |

*Образец Д*

## Дополнителен лист за преземени мерки на заштита

| Датум: | Наоѓалиште: |
|---|---|
| Овластен истражувач: | |
| Опис на преземените мерки на заштита на недвижно добро: | |
| Опис на преземените мерки на заштита на движно добро: | |
| Предлог за заштита и конзервација: | |
| Забелешка: | |
| Обработил: | |